
ИНСТИТУТ ЗА МАТЕМАТИКА · ПМФ · УКИМ

Број 1 · Ноември 2026



ИМйлус

ГЛАСНИК НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАТЕМАТИКА

80 ПОСВЕТЕН НА 80 ГОДИНИ ПМФ И ИНСТИТУТ ЗА МАТЕМАТИКА · 1946–2026

ВО ОВОЈ БРОЈ

01 НАСТАВА стр. 3

Раководителката за УМНО и одбрана на магистерски труд

02 НАУКА стр. 4

Три нови научни трудови

02 НАУКА стр. 5

Шест нови трудови во Математички омнибус 12

06 СТУДЕНТИ стр. 6

МЗСМ, Есенска математичка школа и Ноќта на истражувачите

Бесконечно многу идеи, йлус уште една.

Уредник: **м-р Стево Ѓоргиев**

im.pmf.ukim.edu.mk, im-pmf.weebly.com

УВОДНИК

Добредојдовте во ИМплус

ПО ПОВОД 80 ГОДИНИ · 1946–2026

ИМплус е покренат по повод **80 години од основањето на Природно-математичкиот факултет и на Институтот за математика** и му е посветен на овој јубилеј. На 16 декември 1946 започна наставата на Природно-математичкиот оддел, а со него и катедрата по математика, првата високошколска установа во Македонија.

Што е ИМплус?

ИМплус е гласник на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје. На едно место ги собира новостите од Институтот за математика во шест рубрики.

Зошто?

Активностите на Институтот се објавуваат на различни места, односно на веб-страниците на Институтот, на порталот ПОИМ, Природно-математичкиот факултет и институциите и здруженијата со кои соработува. ИМплус ги собира заедно, за колегите, студентите, учениците и поширокаата јавност.

Како?

Секој број ги опфаќа активностите од последните два месеци, поделени во шест рубрики. Секој текст ја носи ознаката на својата рубрика. Вестите ги испраќаат вработените, студентите и соработниците на Институтот, со наслов, линк, датум и фотографија, или со краток опис до 150 зборови.

Името и знакот

ИМ е кратенка од Институт за математика, а плус значи нешто повеќе. Знакот е лемниската, кривата на бесконечноста, чие вкрстување во средината е знак плус.

Уредник
м-р Стево Ѓоргиев

РУБРИКИ

01 Настава
02 Наука
03 Меѓународна соработка
04 Развој и иновации
05 Соработка со стопанството
06 Студенти

ИСПРАТЕТЕ ВЕСТ

Наслов, линк до објавата, датум и фотографија, или опис до 150 зборови. Содржините не треба да се постари од два месеци.

stevogjorgiev@pmf.ukim.mk



Проф. д-р Весна Целакоска-Јорданова
раководителка на Институтот за математика

01 НАСТАВА · ОД ИНТЕРВЈУТО ЗА УМНО

Математиката отвора многу врати

Резиме од интервјуто на раководителката на Институтот за порталот **УМНО** · целото интервју на umno.mk

Кои студиски програми ги нуди Институтот?

Шест студиски програми: наставна, теориска, актуарска и финансиска и применета математика, како и математика–информатика и математика–физика.

Каде работат дипломираните математичари?

Брзо наоѓаат работа: како наставници, бидејќи наставата по математика е дефицитарна професија, и како аналитичари во банки, осигурителни компании, индустријата и администрацијата.

Можат ли сите да продолжат на магистерски студии?

„Секој од нашите идни студенти може да се запише“, без оглед на просекот, а за докторски студии е потребен просек од најмалку 8,00.

01 НАСТАВА · ОДБРАНА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД

Бојан Карапалевски го одбрани магистерскиот труд

„Конечен повеќевредносен облик и конечен груб облик во динамички системи. Динамика на системи од Лиенаров тип“

Finite multivalued shape and finite coarse shape in dynamical systems. Dynamics of Liénard-type systems

Бојан Карапалевски е студент на втор циклус студии на студиската програма Математички науки и примени и професор по математика во Maarif International Schools – Скопје.

МЕНТОР	проф. д-р Мартин Шоптрајанов
КОМИСИЈА	проф. д-р Слаѓана Коруновска, ИМ, ПМФ
	проф. д-р Анета Велкоска, УИНТ „Св. Апостол Павле“, Охрид
ОДБРАНЕТ	понеделник, 16 ноември 2026

Соопштение на ПМФ од 2.11.2026 · pmf.ukim.edu.mk

02 НАУКА · НАУЧЕН ТРУД

Нов труд во Progress of Theoretical and Experimental Physics

„A Global Geometric Structure for Nonsingular Periodic Cosmological Evolution“

Трудот на **Костадин Тренчевски** и **Емилија Целакоска** воведува несингуларен, периодичен космолошки модел во кој видливиот тридимензионален универзум се формира како пресек на две ортогонални четиридимензионални сфери. Наместо колапс во сингуларитет, универзумот минува низ епохи на геометриски застој, а моделот ги објаснува зрелите галаксии откриени од телескопот Џејмс Веб и ја разрешува Хабловата тензија, без потреба од инфлација.

IF 2.4 Oxford University Press

PTEP, том 2026, број 11, 113E01 · DOI: 10.1093/ptep/ptag189 · Објавен онлајн на 28 октомври 2026

02 НАУКА · НАУЧЕН ТРУД

Нов труд во Stochastics and Quality Control

„Statistical Inference on the Generalized Lifetime Performance Index of the Odd Lindley Half-Logistic Distribution“

Стево Ѓоргиев, **Евгенија Стоименова** и **Анета Гацовска-Барандовска** го проучуваат генерализираниот индекс на работен век, мерка за квалитетот на производите, кога работниот век следи Odd Lindley Half-Logistic распределба. Изведуваат максимално подобен оценувач, интервали на доверба и рамномерно најмоќен тест за способноста на процесот, проверени со симулации и на реални податоци за јачината на јаглеродни влакна.

Stochastics and Quality Control (De Gruyter), 41(2): 83–96, 2026 · DOI: 10.1515/eqc-2026-0049 Објавен на 29.9.2026

02 НАУКА · НАУЧЕН ТРУД

Нов труд во Austrian Journal of Statistics

„On Estimation Procedures of Odd Lindley–Half Logistic Model, its Properties and Applications“

Стево Ѓоргиев, **Евгенија Стоименова** и **Анета Гацовска-Барандовска** ја проучуваат Odd Lindley Half-Logistic распределбата и својствата на нејзиниот параметар.

IF 0.8 · Clarivate Analytics 1.11 · Scopus

Austrian Journal of Statistics, 55(4): 150–171, 2026 · DOI: 10.17713/ajs.v55i4.2563 · Објавено на 30 септември 2026

02 НАУКА · НАУЧНО-ПОПУЛАРНА ЕДИЦИЈА НА ИНСТИТУТОТ

Математички омнибус, книга 12

Книга 12 (2026) донесува 15 трудови, од историја и филозофија на математиката до примени во статистиката, оптимизацијата и енергетиката. Уредници се д-р Весна Целакоска-Јорданова и д-р Ирена Стојковска. Сите трудови се достапни бесплатно на порталот ПОИМ.

01 стр. 9–24
Еволуција на разбирањето на концептот на бесконечноста
Ана Софрониевска, Даниела Стојческа, Катерина Хаџи-Велкова Санева

02 стр. 25–31
Доказ на Диксоновиот идентитет преку Дајсоновата формула
Катерина Трајковска

03 стр. 33–52
Филозофските школи за математиката
Никола Ристевски

04 стр. 53–63
За конусните пресеци и нивната примена
Стојан Манолев

05 стр. 65–79
Хиерархиско кластерирање и негова примена во истражување за заинтересираноста на средношколците за науката
Моника Симова

06 стр. 81–98
Шеми и игри за поделба на тајна
Невена Серафимова

07 стр. 99–113
Динамичен процес на граф – игра на отпуштање жетони
Гордана Николовска

08 стр. 115–128
Играта икс-нула, нејзини обопштувања и победничка стратегија
Христина Митреска

09 стр. 129–143
Светот на математичките загатки
Ирена Стојковска

10 стр. 145–162
Следејќи ја трагата на матрица
Весна Целакоска-Јорданова, Ива Лазова

11 стр. 163–182
Робустна линеарна регресија
Ерблина Зеќири-Синани

12 стр. 183–199
Загатката Ханојска кула и нејзини модификации
Зехра Ебиби

13 стр. 201–217
Како до оптимизација и интеграција на соларна енергија: анализа преку симулација и аналитички хиерархиски процес
Виолета Цветкоска, Бојан Китановиќ, Иван Тренчев, Петар Јанев, Симона Митрева, Дарко Илиевски, Марина Наумова

14 стр. 219–228
Оптимизација на функции од една променлива со метод на златен пресек
Филип Николоски

15 стр. 229–244
Претставување на торуси со повеќе дупки како простори со константна негативна Гаусова кривина
Илија Јовчески

Сите трудови: im-pmf.weebly.com/matematicki-omnibus-kniga-12.html

06 СТУДЕНТИ · СТУДЕНТСКО ЗДРУЖЕНИЕ

Македонско здружение на студенти математичари

МЗСМ е независно, непрофитно здружение кое ги собира студентите по математика и сродни области и е платформа за соработка, размена на знаење и поврзување со академската заедница.

ЦЕЛИ

- ги обединува студентите по математика и сродни области
- го поддржува нивниот академски, научен и професионален развој
- ја популаризира математиката меѓу студентите и учениците
- гради врски со високообразовни и научни институции во земјата и странство

АКТИВНОСТИ ОВАА ЕСЕН

- подготвителна настава по математика за студентите од прва година на ПМФ, 2–15 октомври 2026
- Отворена лабораторија „Креативна математика“ на Европската ноќ на истражувачите, 25 септември 2026
- учество на Есенската математичка школа 2026 на Сојузот на математичари
- семинари, предавања, работилници и волонтерски активности

06 СТУДЕНТИ · ЕСЕНСКА ШКОЛА

Студенти математичари на Есенската математичка школа

Студенти од Македонското здружение на студенти математичари учествуваат на Есенската математичка школа 2026, која Сојузот на математичари на Македонија ја организира по осми пат.

Место: ПМФ, Скопје
Предавања: 31.10, 7, 14 и 21.11.2026
Завршен тест: 5.12.2026

06 СТУДЕНТИ · ЛАБОРАТОРИЈА

„Креативна математика“ на Ноќта на истражувачите

Студенти и наставен кадар на Институтот учествуваа на Отворената лабораторија „Креативна математика“, во рамки на Европската ноќ на истражувачите 2026.

25.09.2026 · Прочитајте ја објавата

ЗАЧЛЕНИ СЕ

Студент си по математика или сродна област?

mzsm-mk.weebly.com

Придружи им се на колегите во МЗСМ: предавања, натпревари, работилници и дружење.

ИСПРАТЕТЕ ВЕСТ ЗА СЛЕДНИОТ БРОЈ

Научен труд, проект, одбрана, гостување или студентска активност? Испратете наслов, линк, датум и фотографија, или краток опис до 150 зборови.

stevogjorgiev@pmf.ukim.mk

80

1946 – 2026

80 ГОДИНИ ПМФ И ИНСТИТУТ ЗА МАТЕМАТИКА

На 16 декември 1946 започна работата на Природно-математичкиот оддел на Филозофскиот факултет, првата високошколска установа во Македонија. Таа година е основана и катедрата по математика, од која израсна Институтот за математика. ИМплус е покренат по повод јубилејот и му е посветен.

Свечена церемонија: **16 декември 2026**, Македонска филхармонија

ИМплус

Бесконечно многу идеи, плус уште една.

ИМПРЕСУМ

ИМплус, Гласник на Институтот за математика
Број 1 · Ноември 2026
Уредник: **м-р Стево Ѓоргиев**
stevogjorgiev@pmf.ukim.mk

КОНТАКТ

Институт за математика, ПМФ, УКИМ
Архимедова 3, 1000 Скопје
matematika@pmf.ukim.mk
im-pmf.weebly.com · poim-pmf.weebly.com